Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14 , 44/2015, 193/15, 31/16 и 163/16), Градоначалникот на Општина Кочани го издава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**за доставување иницијативи за изработка на урбанистички планови од страна на заинтересирани физички и правни лица**

Се известуваат граѓаните на Општина Кочани дека се објавува **јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови од страна на заинтересирани физички и правни лица.**

Јавниот повик ќе трае 36 дена , односно во перидот од **04.08.2017г. до 08.09.2017г.**

Секое заинтересирано правно и физичко лице во текот на јавниот повик може да достави Иницијатива за изработка и донесување на детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистики план вон населено место, преку информацискиот систем е-урбанизам, или во писмена форма преку архивата на Општина Кочани. Во прилог на иницијативата подносителите да приложат Имотен лист и копија од катастарски план .

Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план.

За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, или во писмена форма.

Средствата за изготвување на потребната документација за прифатените иницијативи треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите.

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Ратко Димитровски**

**Бр.08-1465/2**
**28.07.2017год.**
**Кочани**